**НОВИ ДИЈАЛОЗИ** / ПРОГРАМА: **360**
ПРЕДАВАЊЕ НА МАРИАНЕ ШУЛХАУГ И ЛУИС КАЛЈЕХАС

На 10.11.2017 година со почеток во 18.30 часот, во рамки на програмата „360“ се одржа третото од серијата предавања на странски професори и експерти планирани да се одржат во зимскиот семестар од учебната 2017/18 година.

Пред присутните студенти, наставници, колеги и гости свое излагање имаше најпрво проф. Мариане Шулхауг (Mariane Skjulhaug), раководител на катедрата за урбанизам и пејзажна архитектура при државната школа за архитектура и дизајн од Осло, Норвешка (AHO – The Oslo School of Architecture and Design), како и Луис Каљехас (Luis Callejas), вонреден професор на истата школа, практичар и една од надоаѓачките ѕвезди на светската архитектонска сцена. Предавањата на двајцата гости беа замислени да претставуваат спој помеѓу пејзажот, архитектурата и урбанизамот, сублимирајќи ја важноста на преколопот помеѓу искуството на практиката и академскиот светоглед.

Во своето предавање професорката Шулхауг ја претстави работата на државната школа за архитектура и дизајн од Осло, прикажувајќи ја најпрво структурата на студиската програма за урбанизам и пејзажна архитектура, за потоа накратко да претстави и некои од проблемските задачи кои се задаваат на истражувачките студија. На крајот од своето предавање професорката Шулхауг изрази желба за продлабочена соработка со Архитектонскиот факултет во Скопје, со чија педагошка работа се запознала посредно преку поранешниот студент на Архитектонскиот факултет - Никола Ѓорѓиевски, кој во моментот е на постдипломски студии на Школата за архитектура и дизајн во Осло.

Професорот Луис Каљехас во своето предавање се осврна на резултатите од својата професионална проектанска работа, која значајно придонела да биде поканет да предава на светски признати факултети, како на пример на Харвард (GSD - Harvard University Graduate School of Design) каде работи во периодот од 2011-та до 2016-та година. Запознавајќи ги најпрво присутните со општите рамки на проблемот на обликување на пејзажот и можноста во тој процес да се оствари активна врска со урбанизмот и архитектурата, тој продлабочено се осврна на неговите нереалзирани проекти работени главно за јужноамериканскиот континент, од каде и потекнува (Колумбија). Ставајќи го во историски и културолошки контекст проблемот на интервенирање во пејзажот и навраќајќи се на повеќе примери и личности (како на пример на работата на Хозе Луис Серт), Калјехас претстави како во својата работа користи техники преземени од визуелните уметности со помош на кои всушност ја премостува граница помеѓу архитектурата, пејсажот и урбанизмот.

Предавањата на гостите од Норвешка требаше да се одржат во амфитетатарот на Архитектонскиот факултет во Скопје, но заради околностите кои произлегоа од пожарот кој на 09.11.2017-та година зафати еден дел од зградата, тие беа преместени во една од изложбените сали на Музејот на современата уметност. Во оваа прилика Архитектонскиот факултет во Скопје сака да изрази особена

благодарност до НУ Музеј на современата уметност – Скопје за подршката во реализацијата на настанот.